930.85.004-4

# Конзервацијата на традиционалните вештини - фактор за одржување на културната меморија

Валентина Поцеска
*Национален конзерваторски центар - Скопје*

*Апстракт:* **Поаѓајќи од современите теории кои под поимот конзервација не подразбираат само заштита на физичката материја, но се поголем акцент ставаат на заштитата на нематеријалните аспекти во кои традиционалните знаења и вештини претставуваат значајни компоненти, предмет на истражување на посочениот труд е анализа на постоечката пракса во македонскиот систем на конзервација во кој како доминантни форми се истакнуваат реконструкцијата, фасадизот и замената на оригиналните структури со нивни современи копии. Текстот поаѓа од тезата дека недостатокот од свест за потребата за заштита на традиционалните знаења и вештини кои се во функција на конзервацијата и реставрацијата на недвижното наследство, во комбинација со специфичните закони за заштита на културното наследство, во кои се бара обнова само на надворешната форма без да се земе во предвид интегритетот и целовитоста на културните добра, придонесува за постепено исчезнување на материјалното и нематеријалното наследство. Со тоа исчезнува културната меморија и се создава виртуелна (новокомпонирана) културна меморија со која се менуваат вообичаените матрици на поимање на нештата. Ако во доменот на архитектонското наследство, се прифати пристапот во кој конзервацијата се сфаќа како контролирање на промените, а вредноста на автентичноста на традицијата се сфати како еден вид на нематеријално наследство, во кој би се синхронизирале материјалните со нематеријалните атрибути на културните добра, со тоа би се отворил простор за организирање на интегриран пристап во заштитата на наследството, во кој е изразена идејата за синтеза на материјалното и нематеријалното наследство низ концептот на автентична експресија на одржување на наследството преку одржување на живите традиции на пракса.**

*Клучни зборови*: **конзервација, традиционални занаети, нематеријално наследство, автентичност**

Конзервацијата во последните декади постепено прераснува во сложен општествен феномен, кој произлегува од комплексен систем на културни, општествени, политички и економски чинители. Постмодерните промени на конзерваторската теорија, преку проширувањето на концептот на наследство, стандардизацијата и професионализацијата на дејноста и релатвизацијата на базичните концепти, директно се одразуваат на конзерватор-

ската пракса. Ваквиот комплекс е особено видлив во контекст на заштитата на градителското наследство, кое е под постојан притисок на модернизацијата и забрзаните промени кои го загрозуваат неговиот историски интегритет. Тоа води кон обид за пренасочување на фокусот на заштитата, кој се изразува преку идеите за конзервација заснована на вредности, интегрирање на материјалното и нематеријално наследство, промена на опсегот од поединечна заштита кон поширок концепт на конзервацијата со акцент на инклузијата; поврзување на културното и природното наследство и начините на нивна заштита; потенцирање на интересот за одржлив развој; придвижување кон антропоцентричен пристап и адаптивна етика како доминанти во моменталната теорија.

Навлегувањето на екологијата и заштитата на природното наследство во интелектуалната сфера на размислување постепено ја воведува идејата дека суштинскиот пресврт во конзерваторската филозофија е ставот дека најдобар начин на одржување и поправка на историските структури е преку употреба на материјали и методи кои се исти или слични со оригиналните. Во суштината на ваквиот пристап на зачувување на материјалното наследство се истакнува зачувувањето на нематеријалните, традиционални градителски култури кои го создале даденото наследство. Со тоа, фокусот на конзерваторските активности се става на процесот преку кој културата на наследството се дефинира себеси, се грижи за сопствените постоечки продукти, а во исто време создава и нови дела[1]. Традиционалните знаења и вештини, како нематеријално наследство и одраз на културната разноликост, постепено добиваат на значај и се повеќе се сметаат како вистински ресурс кој треба да се заштити. Воедно, современите тенденции за холистички пристап и потребата за признавање на спецификите на секое поединечно место, водат до сознанието дека конзервацијата не може да се базира на строго определени, однапред пропишани решенија, но секоја интервенција мора да ги земе предвид културните специфики на даденото место, што наведува на потреба од интегрирање на меѓународните принципи и локалните насоки кои го земаат во предвид културниот и историскиот контекст[2]. Тоа директно се одразува на концептот на автентичност, кој постепено од фиксацијата за материјалното го префрла интересот кон идејата за *процес*. Конзервацијата излегува од својата научна, материјално ориентирана парадигма заснована на археолошко-музеолошкиот модел и се придвижува кон една динамична парадигма која ја опфаќа комплексната природа на културното наследство[3] .

Денес многумина во традиционалните занаети гледаат нематеријално наследство кое е од суштинско значење за современиот концепт на автентичност. Со тоа, основните начела на теориските размислувања сè повеќе се придвижуваат кон источноазискиот модел, кој ја истакнува комуникативната улога на објектите и кој го нагласува значајот на континуитетот на занаетите во функција на конзервација најматеријалното наследство. Ваквите размислувања неизбежно се врзуваат за едно од базичните прашања во историјата на конзервацијата – проблемот на конзервацијата наспроти реставрацијата. На тоа логично се надоврзуваат прашањата за научна објективност наспроти креација, статичност наспроти динамичност и традиционални наспроти современи материјали.

Со оглед на современите пристапи во кои објективизмот и потрагата по вистина се заменуваат со субјективизам и комуникација, се повеќе автори конзервацијата во глобала ја доживуваат како креативна активност, која е типична за современите формулации на културата. Во тој контекст, презервацијата се врзува со конзерватизам и статичност, а реставрацијата за прогресивност, динамика и интеракции. Хасард, на пример, смета дека конзервацијата и реставрацијата не само што служат на различни цели, но истовремено симболизираат различни нешта. Конзервацијата има за цел одржување на статус кво, додека реставрацијата цели кон збогатување на значењата преку поврзување со културните практики, односно постигнување на синтеза меѓу материјалното и нематеријалното во име на автентичноста[4]. Други автори ја врзуваат креативната конзервација со историските аргументи, потпирајќи се на фактот дека во минатото постоела вообичаена практика на модифицирање на спомениците со поголем степен на слобода. Без оглед на аргументите, многумина денес доаѓаат до сличен заклучок дека креативноста е дозволена и пожелна[5].

Динамичниот концепт на конзервација директно се врзува за идејата за конзервацијата како управување со промените. Иако ваква идеја, уште од зачетокот предизвикува низа контрадикторни ставови, во пракса, конзервацијата се повеќе се сфаќа како менаџирање со промените, или начин на поставување на граници на потенцијалните промени. Ваквиот став наложува нова доктринарна база која ќе вклучи интегрален и холистички пристап во решавање на проблемите[6]. Преку интеграција во развојните процеси наследството се вклучува во динамични процеси. Со тоа, вредностите, веќе не лежат само во материјалната супстанција и форма, но пред се во нематеријалните концепти, кои по својата суштина се во постојана промена.

Во контекст на размислувањата за или против промени, низа автори се концентрираат на дуализмот изразен во идеите за конзервација наспроти реставрација. Се почесто се среќаваат размислувања слични на оние на Хасард, според кои согласно постмодерната мисла каде концептот на автентичност се врзаува со динамизам, процес, живи традиции, флексибилност и променливост, сè повеќе се прифаќа реставрација со слични или исти материјали и техники, пристап карактеристичен за источните земји. Ваквиот пристап имплицира **динамична стратегија на конзервација**, каде културните - и општествените окружувања, кои ја овозможуваат креацијата, се многу поважни од поединечниот предмет. Во вакви културни услови наследството се проценува како жива експресија во континуитетот на општествени и културни мемории. Согледувањето на наследството во неговиот динамичен карактер, кој постојано создава слоеви на општествена и културна стратиграфија, носи битна импликација: последователните генерации постојано ќе ги реинтерпретираат квалитетите на наследството, кои од своја страна постојано треба да останат достапни за реинтерпретација [7] Од овој аспект, реставрацијата е од суштинско значење за одржување на занаетите и занаетчиските вештини неопходни за одржување на градителската култура. Затоа, денес се повеќе теоретичари реставрацијата ја гледаат како можност за одржување на културната разноликост, преку одржување на низа традиционални практики и знаења. Опстојувањето на спомени-

ците може да се овозможи преку опстојување на знаењата и практиките кои ги создале дадените споменици. Но, треба да се има предвид дека ваквиот пристап е едноставен во средини во кои опстојуваат традиционалните занаети, но во културните средини каде што тие се исчезнати, губењето на ваквата традиција не би можел да биде едноставно заменет со примена на модерни техники. Затоа и продолжувањето на традиционалните занаети и техники треба да биде, како во јапонскиот случај, негувана и ценета традиција. Со оглед на тоа што тие играат значајна улога во одржувањето на оние квалитети на материјалното наследство кои го пренесуваат значењето, Хасард со право истакнува дека процесите на одржување и реставрирање на материјалното наследство преку примена на традиционалните методи и занаети, може да пружат „жива“ културна врска на инаку безживотните материјални записи на кои им недостига културна медијација.[8] Прифаќањето на овој поглед на нештата условува и прифаќање на ставот дека чувањето на традиционалните знаења, вештини и технологии е многу поефикасно преку нивна активна примена, отколку преку нивно едноставно документирање.

Ваквиот пресврт игра битна улога во идејата за одржливост на културната меморија, која преку генерациска трансмисија и постојана практична примена овозможува континуитет и постојана сопствена рекреација. Со тоа, конзервацијата во суштина претставува обид за зачувување на нематеријалното наследство, или идеолошките системи и мемориите на одредена култура, преку зачувување на материјалните форми на изразување, кои вклучуваат места, предмети и практики. Со наметнувањето на антрополошкиот пристап кон наследството се истакнува важноста на зачувувањето на општествените процеси, наместо исклучиво на самите материјални продукти на ваквите процеси, што би обезбедило континуирана креација на културно наследство. Во тој контекст, низа западни теоретичари започнуваат да ја потенцираат важноста на зачувувањето на традиционалните вештини за реставрација и одржување на материјалното наследство, како и потребата за обезбедување на опстојување на ваквите вештини, алати и материјали, преку директен трансфер на знаењата низ разни програми на едукација. Со тоа, во исто време се истакнува значајот на традиционалната пракса, како и нејзиното влијание врз зачувувањето на материјалното наследство, што укажува на симбиотична врска меѓу материјалното и нематеријалното како неразделиви делови на една целина.

## I. Македонски контекст

Поаѓајќи од тука, се наметнува потребата од воспоставување на специфични стандарди и принципи на делување на национално, локално и институционално ниво, како предуслов за одржлив развој на конзервацијата и сеопфатна заштита на сопственото културното наследство. Ако се направи преглед на разновидните активности во оваа сфера на заштитата на културното наследство во Р. Македонија, може да се заклучи дека транзицијата носи длабоки промени во начините на кои државата и јавниот сектор го третираат наследството.

Во поглед на недвижното наследство, како знаци за појава на оваа промена можат да се земат:

- отсуство на елаборирана конзерваторска политика и драстично намалување на државното

финансирање на заштитата на културното наследство;
- одвојување на природното и културното наследство и нивната заштита;
- отсуство каква било државна стратегија за усовршување и едукација на кадри во доменот на конзервацијата и традиционалните занаети;
- зачестени активности на обновување и реконструкција на историските градби преку нивна замена со современи реплики и сè поголемо прифаќање на факсимилните реконструкции како валидни еквиваленти на оригиналните структури;
- примена на современи материјали и техники без соодветни тестирања за нивната компатибилност со оригиналните;
- изумирање на традиционалните селски средини и изумирање на традиционалните занаети кои се во функција на конзервација и реставрација на градителското наследство;
- формално вклучување на нематеријалното наследство во законските акти, без никаква елаборација, регулирање или поврзување со материјалното наследство;
- отсуство на традиционалните занаети во законските и подзаконските акти и отсуство на какви било анализа или стратегија за нивна конзервација и обновување.

Ваквите состојби укажуваат дека институциите надлежни за заштита на културното наследство не успеваат да креираат теориска база во склад со современите потреби и да вклучат ефикасни механизми кои би ја регулирале конзервацијата. Несоодветната државна конзерваторска политика резултира со загуба на низа вредни културни добра, пред се во полето на традиционалната рурална и градска архитектура. При отсуство на јасно артикулирани стандарди на конзервација и дефинирани професионални етички кодови, практичните остварувања на конзервација пред сé укажуваат на огромна хетерогеност во пристапот и во понудените решенија. Проблемот дополнително го отежнува фактот дека не се прават стратешки осмислени напори за професионално образование на кадарот, евалуација на сопствените наспроти светските искуства, или развој на специфични филозофии засновани на конкретниот културен контекст. Со тоа, важните етички прашања околу начините на конзервација на културното наследство, степенот на дозволените интервенции, или возобновувањето на неговите нематеријални вредности, и понатаму остануваат отворени.

Во македонската конзерваторска пракса од 90-тите години наваму, а особено во последната декада, можат да се воочат неколку методи кои се почесто се користат во однос на градителското наследство. Првиот е целосна **реконструкција** на значајни елементи од историјата на архитектурата, како Плаошник, или делумна реконструкција како Скопската и охридската тврдина. Вториот метод е т.н. метод на **фасадизам**, според кој се дозволува уништување на внатрешната структура на градбите, а се задржува само надворешната фасада. Третиот модел е целосно **демолирање** на историските структури и нивна замена, или реконструкција, со примена на современи материјали и техники на градба, карактеристично за градбите во приватна сопственост. Со тоа никнуваат т.н. *„клонови на историските градби“*[9], типични за старите градски

јадра, со што историските споменици се лишуваат од својата автентичност. Четвртиот модел е **имитација** на историски градби, во барокен, неокласичен или друг еклектичен западен стил, кој се јавува во две форми: сосема нови градби, или менување на постоечки, модерни фасади. Старото се дотерува да изгледа како ново а новото се украсува така за да изгледа старо, пракса која Ворксет со право ја нарекува *„пат кон Дизниленд каде единствената етика е фасадизмот на туризмот.“*[10]Таквата пракса прераснува во создавање на нови објекти, или псевдо-споменици кои се оправдуваат преку погрешно сфатено национално чувство. Во оваа категорија може да се издвои и обновата на изгорените конаци во Бигорски манастир, која иако формално спаѓа во категоријата на реконструкции, сепак, со додавањето на сосема нови градби кои никогаш не постоеле во манастирскиот комплекс, спаѓа во категорија на **дизниеви рекреации**.

Напоредно, во црковните кругови, кои често пати се поддржани од владата, доаѓа до израз тенденција на масовна обнова на делови од црковни структури, како на пример манастирски конаци, при што општо се прифатени тенденции кои излегуваат од нормите на конзервација и реставрација. Така, има примери на рушење на старите структури и нивна замена со современи; замена на уништените оригинални конаци со современи клонови изработени со модерни техники и материјали; изградба на современи објекти, навидум стилски слични на оригиналните и т.н. Тенденциите за масовни обнови се забележува и кај припадниците на исламската заедница. Има низа примери на несоодветни интервенции на џамии, каде случајот на бетонски доградби (Табановце), или современи преслики (Мустафа Пашина џамија во Скопје и Шарена џамија во Тетово) станува вообичаена пракса. Особено карактеристичен е примерот на Алаџа џамија во Старата скопска чаршија, каде доаѓа до рушење на остатоците од оригиналните ѕидови и „обнова“ на објектот со современи материјали, со примена на ѕидни облоги кои имаат за цел да го имитираат оригиналниот изглед. Ваквиот пристап укажува на развој на култ кон вредноста на новитетот, со низок степен на почит кон оригиналното или автентичното материјално ткиво на историските структури, или пак на традиционалните методи и техники на градба, особено во кругот на верските заедници, каде функцијата зазема доминантна улога.

Од друга страна, во институционалниот сектор доаѓа до израз тенденцијата да не се изведуваат реставрации кои бараат традиционални познавања и вештини. Ова се должи на факторите: образование, време и финансии, како и на недостапноста на неопходен обучен кадар. Со изумирањето на традиционалните занаети, практиките на реставрација со примена на оригинални техники и материјали постепено се напушта, во полза на современи техники и материјали. Непостоењето на школи за конзервација и систем на подготовка и усовршување на квалификации на конзерваторски и занаетчиски кадар, како и неговата изолација од центрите на информации, во голема мера придонесуваат за ваквата состојба. Денес во Македонија архитектите конзерватори се соочуваат со значајни проекти на конзервација на камени или земјени градби, без да поседуваат соодветно познавање на материјалите и методите на нивна примена.

Ваквите состојби се резултат на неколку меѓусебно поврзани причини. Како прво, за разлика од

периодот од формирање на организирана институционална заштита, па се до почетокот на 90-тите години кога институциите имаат специјализирани „градежни групи“[11] составена од занаетчии и квалификувани работници, денес тие немаат соодветен кадар од овој тип, така што за изведување на конзерваторско-реставраторските активности на градителското наследство се ангажираат надворешни неквалификувани работници.

Како второ, поради целосна индиферентност на политиката и администрацијата, традиционалните занаети се пред целосно исчезнување. Без нив не може да се спроведе сериозна политика на константна поправка и одржување, или „мала реставрација“[12] како што ја нарекува Паолучи.

Трето, државата овозможува со конзерваторско-реставраторски работи да се занимаваат и градежни организации кои немаат соодветни квалификации и искуство. Своевиден недостаток претставува и Законот за заштита на културното наследство, како и специфичните закони за заштита на крушевското и охридското градско јадро, во кои се бара обнова само на надворешната форма, без да се земе во предвид интегритетот и целовитоста на културните добра. Воедно, целосно отсуствуваат регулативи кои би ги врзале применетите материјали, техники и занаети со соодветните видови и категории на културно наследство. Уште поопасно е воведувањето на современи материјали, произведени од хемиската индустрија за сосема други намени, кои во отсуство на долготрајно тестирање носат ризик од непредвидливи последици. Како резултат, низа културни добра ја имаат загубено својата автентичност и/или трпат понатамошни оштетувања.

Четврто, недостатокот на теориски рамки резултира со механичко усвојување на одредени концепти настанати во рамки на европските научно-технички и институционални сектори за заштита на културното наследство, кои се занимаваат пред се со заштита на недвижното културно наследство.[13]

Петто, отсуството на стандарди и востановени принципи на конзервација резултира со скоро анархична политика на одлучување во практичната конзервација, како во поглед на степенот на интервенции, така и во поглед на применетите техники и материјали. Од друга страна, ако во претходните декади се применуваат поконзервативни пристапи кои предност и даваат на конзервацијата наместо реставрацијата, денес дел од конзерваторско-реставраторските интервенции, особено оние иницирани и поддржани од владата, се блиску до теориските размислувања од XIX или раниот XX век. Со тоа, современите трендови на вредносно заснована конзервација и функционален пристап сè уште немаат никакво влијание на практичниот пристап во конзервацијата.

Додатен проблем претставува фактот дека конзервацијата целосно е зависна од државното финансирање. Со тоа државата има потполна контрола над целата конзерваторска дејност, а со тоа и над сите облици на репрезентација на културното наследство. Наследството често се користи како средство во политичките агенди, при што се забележува одреден дискурс на делување на државата врз селекција на она што ќе се рекреира, реконструира, демолира, запостави или измени, се во склоп на нејзините моментални политички интереси. Со тоа државата влијае не само на денешната реконструкција на колективната меморија, но и на

проекција на една инаква иднина, заснована на изборот и начинот на третман на избраните предмети кои во иднина ќе ја претставуваат современата култура. Ако се земе во предвид дека културното наследство е директно врзано за културниот идентитет, конзервацијата со тоа се претовара во начин на читање на нашето време.

Свое влијание има и законската регулатива во доменот на должностите на имателите на културните добра. Наметнувањето на одговорност за грижата околу сопственото наследство, без обезбедување на дополнителни олеснителни мерки и стимулации, резултира со уништување на дел од недвижното наследство, преку намерно или ненамерно напуштање, негрижа, а во одредени случаи дури и намерни дејствија на деструкција. Ваквите тенденции се најочигледни во доменот на руралната архитектура на која ѝ се заканува постепено, но целосно, исчезнување.

Под влијание на хроничен недостатокот на финансии, свест за вредноста на сопственото наследство и кадар обучен во традиционалните вештини на градење, се спроведуваат кампањи на рушење на старите градби и нивно повторно градење, при што се зачувуваат само оригиналните димензии на споменикот, додека оригиналните материјали и техниката на изработка се заменуваат со современи. Во случајот на традиционалните чаршии, материјалната супстанција на старата архитектура постепено исчезнува и се заменува со современи имитации на оригиналните градби, со што не само што се бришат генерации на културни меморији, но се губат и нематеријалните аспекти на традицијата кои се вградени во материјалните остатоци на оригиналните споменици. Така на пример, кај реставрациите на охридската архитектура многу мал дел од оригиналната идеја се зачувува во физичката реалност (освен надворешниот облик). Поголем дел од градбите се реставрирани со современи материјали како бетон, цигла и цемент, со што за кратко време тие ја губат својата изворност и автентичност. Тоа води до ерозија на историската автентичност, без оглед дали таа ќе се согледува од материјален или нематеријален аспект. Критичарите на ваквиот пристап укажуваат дека тој води до евентуално лишување на јавноста од каков било кохерентен увид во историјата. Воедно, тој се коси со еден од основните принципи на конзерваторската етика – можноста на следните генерации да го изучуваат наследството во неговата автентична форма. Дури и да се негира ваквиот принцип како израз на западниот материјалистички пристап, останува фактот дека во отсуство на механизми за зачувување на старите занаети и традиции на градба, материјалните остатоци на историските добра се единствените сведоштва за нематеријалните аспекти на традиционалниот начин на живот во рамки на локалниот и националниот културен контекст.

Ваквите состојби упатуваат на потреба од воведување на извесни измени во целокупниот систем на заштита, како на правно, така и на теориско и практично ниво. Овде би ги дале следните препораки:

- Воспоставување на стандарди и критериуми на конзервација во однос на техничката изведба, учеството на засегнатите заедници и употребата на културните ресурси, особено во поглед на развој на традиционалните занаети и вештини, локални материјали и техники на градба;

- обезбедување на форум за дискусија околу прашањата поврзани со автентичноста во конзервацијата на материјалното наследство;
- развој на нова рамка за конзервација и реставрација која треба да се заснова на идејата дека културните добра не се обични предмети кои можат да се збогатуваат или менуваат преку драстични третмани;
- примена на специфични системи на управување со културното наследство. Онаму каде одржувањето на локални и универзални вредности зависи од заштитата на традиционални знаења, треба да се усвојат флексибилни системи и пристапи. Традиционалните системи на управување треба да се применуваат секаде каде се имаат покажано како најефикасни системи на конзервација;
- развој на свеста и знаењата за значајот на традиционалните знаења и вештини како вид на капитал и основа за одржлива конзервација и развој заснован на почит и инклузија на општествените и културните вредности на локалните заедници. Конзерваторските истражувања имаат тесна врска со студиите за алтернативни и традиционални технологии, градежни материјали, општествени студии и оживување на заборавени традиционални техники, така што во низа домени конзервацијата може да помогне во одржување на традиционални методи и техники кои се докажале како исправен начин на конзервација на културното наследство;
- развој на традиционалните материјали и технологии за конзервација на градителското наследство, како и промоција на употребата на локални материјали, ресурси и услуги за олеснување на праксата на одржување на градителското наследство; воведување на институционални програми засновани на научни методологии и одржливи практики; и, дисеминација на информациите на засегнатите заедници;
- во отсуство на можности за реставрација заснована на традиционалните техники, историските градби треба да се консолидираат наместо да се поправаат, или да се поправаат наместо да се реставрираат. Современите материјали треба да се сведат на минимум. По примерот на низа западни земји, современи материјали вообичаено можат да се користат за градби од пониска категорија.
- основање на школи за обука во традиционални занаети и воведување на систем за лиценцирање на ваквите практичари;
- интензивирање на процесот на обезбедување на конзерваторски ресурси за сопствениците на вернакуларното наследство, кои не се во состојба самостојно да ги одржуваат ваквите структури. Официјалната конзерваторска политика треба да ја истакне важноста на вернакуларната архитектура;
- давање на приоритет на пристапот на одржување кој придонесува за зачувување на вредностите кои му се придаваат на недвижното наследство, и ги спојува традиционалните занаети со материјалното наследство во една симбиотичка врска. Поддршката на традиционалните градителски занаети и работилници претставува интегрален дел на овој процес;
- прифаќање на идејата дека крајната цел на конзервацијата треба да биде зачувување на

вредностите и значајот на културните добра, кои треба да служат како постојан потсетник на разноликиот бекграунд и раните фази на развој на сопствената нација. Целта на конзервацијата треба да биде давање на таква форма на управување со наследството која најдобро ќе обезбеди континуитет и одржливост на сите автентични атрибути на ресурсот, било да се тие материјални или нематеријални;

- воведување на регионални насоки за најдобра пракса во конзервацијата на градителското наследство, со посебно внимание на традиционалните материјали и методи, особено за камени градби, резба во дрво, ѕидно сликарство, иконостаси, традиционални покривни материјали и методи и т.н.. Овие насоки треба да се усогласат со современите стандарди усвоени од меѓународните организации за заштита на културното наследство, но со фокус на карактеристичните национални и локални потреби;
- финансиската поддршка на преносниците на традиционалните занаети, со обврска за пренос на знаењата преку разни форми на обука и тренинг. За да се одржат и развијат занаетите можат да се применуваат разни модели на финансирање, како субвенции, бескаматни кредити и грандови, стипендирање, субвенционирани кирии, повластици за сопствениците на недвижно наследство кои сакаат да извршат традиционални поправки и сл. Државната легислатива може да ги одредува стандардите на автентичност преку кои истовремено ќе ги заштитува занаетчиските вештини и оригиналните културни добра.

## Користена литература


[1] S. W. Semes, *A conservation Ethic for Arhitecture, Urbanisam, and Historic Preservation,* New York: W.W. Norton& Company, Inc. 2009. 160.

[2] J.Jokilehto, Conservation Principles in the International Context, vo: A.Richmond, A. Bracker (ed.), *Conservation Principles, Dilemmas and Uncomfortable Truths*, Butterworth-Heinemann, Elsever Ltd, Victoria and Albert Museum, p. 73-83, 2009. 82.

[3] F. Hassard, "Towards a new vision of restoration in the context of global change", *Journal of the institute of Conservation*, 32:2, p.149-163. 2009. 206.

[4] F. Hassard, "Towards a new vision of restoration in the context of global change", *Journal of the institute of Conservation*, 32:2 p.149-163., 2009, 252.

[5] Muños Viñas, Salvador, *Contemporary Theory of Conservation*, Oxford:Elsevier Butterworth-Heinemann. 2010, 150.

[6] W. Lipp, J. Śtulc, B. Szmygin, S. Giometti (ед.), *Conservation Turn-Return to Conservation, Tolerance for Change- Limits of change*, Proceedings of the International Conference of the ICOMOS International Committee for the Theory and the Philosophy of Conservation and Restoration, 5-9 May 2011 (Florence, Italy), Firenze: Edizioni Polistampa. 2012, 48.

[7] Falser, et all, *Conservation and Preservation: Interactions between Theory and Practice, In memoriam Alois Riegl (1858-1905)*, Proceedings of the International Conference for the Theory and the Philosophy of Conservation and Restoration, 23-27 April 2008 (Viena, Austria), Firenze: Edizioni Polistampa. 2010, 122.

[8] Frank Hassard, "Towards a new vision of restoration in the context of global change", *Journal of the institute of Conservation*, 32:2, 2009. 151.

[9] Natalia Dushkina, Heritage at Risk: Tha Fate of Modernist Buildings in Russia, *Future Anterior*, Vol. 5, N0. 1, Summer 2008, XX-14, 4.

[10] Worsket, Roy, New buildings in historic areas, Conservation: the missing ethic, vo: *Monumentum 25, (2)*, pp.129-154, 1982. 129.

[11] Борис Чипан, Рад Завода за заштиту споменика културе НР Македоније у 1951 години, *Зборник заштите споменика културе*, Књига II, Свеска 1, 1951, Београд: Публицистичко и издавачко предузеће „Југославија", p. 167-170. 1952. 168.

[12] Antonio Paolucci, *The Restoration Laboratory in Florence*, Turin: Instituto Bancario San Paolo Di Torino, 1986. 217.

[13] Љиљана Гавриловић, *Култура у излогу: ка новој музеологији*, Београд: Етнографски институт САНУ, 2007. 20.